Драган ВЕЛКОВ

# ШЕЕСЕТ ГОДИНИ ОД ЖИВОТОТ И ДЕЈНОСТА НА ПРОФЕСОРОТ Д-р АЛЕКСАНДАР АПОСТОЛОВ

Оваа година професорот д-р Александар Апостолов наполни 60 години живот. Да се одбележи еден ваков јубилеј не само што е добра и благодарна работа туку и наша морална обврска за оддавање општествено признание и вреднување на творечкиот опус на овој педагог, научник, историчар. Но во напис од ваков карактер не може да се зборува за човекот, а да не се каже нешто повеќе за неговиот животен пат.

Професорот д-р Александар Апостолов е роден на 11 март 1920 година во селото Злетово — Пробиштипско. Основното образование го завршил во родното место, а непсредно пред војната и гимназија во Штип, 1940 година. Брзиот пораз на гнилото Кралство Југославија и фашистичката окупација на земјата го принудиле за извесно време да го прекине школувањето. Во септември 1944 година проф. д-р Александар Апостолов активно се вклучил во редовите на НОВ, ангажирајќи се уште од самиот почеток во формирањето Народноослободителен Одбор во Злетово чиј прв претседател бил тој. Идната 1945 година проф. д-р Апостолов ја врши должноста прочелник — инспектор за просвета при околискиот Народноослободителен одбор за Злетовска околија.

По ослободувањето на земјата, а поточно во периодот на изградбата на новото југословенско социјалистичко општество, проф. Апостолов со полн младешки занес и ентусијазам активно се вклучил во процесот на обновата и изградбата на земјата, односно во процесот на борбата за добивање на сите битки на општествено-економски и културно-просветен план. Едновремено со тоа, професорот д-р Апостолов продолжил да се школува. Така во 1946 година го завршил Курсот по историја и географија, подоцна рангиран како Виша педагошка школа (ВПШ). Битката за надминување на неписменоста, а особено големата потреба од наставен кадар во штотуку ослободената земја, го определиле животниот позив на професорот д-р Александар Апостолов.

Во периодот од 1946 до 1956 година, проф. Апостолов работи во гимназиите во Кавадарци и Струмица, во гимназијата во Кочани, во гимназијата и Учителската школа во Штип, во осумгодишното основно училиште „11 Октомври“ во Скопје, како и на низа курсеви за учители и дооформување на образованието на возрасните. Во 1950 година проф. Апостолов се запишал на Филозофскиот факултет во Скопје (група историја), на кој дипломирал 1954 година. Во 1956 година е избран за асистент на групата за историја при Филозофскиот факултет во Скопје. Во 1962 година професорот д-р Александар Апостолов со особен успех ја одбранил својата докторска дисертација под наслов: „Колонизацијата во состав на аграрната реформа во стара Југославија на територијата на Македонија“. Две години по докторирањето, односно во 1964 бил избран во звањето доцент, во 1970 за вонреден професор, а во 1975 година за редовен професор на ННСГ за историја при Филозофскиот факултет во Скопје за предметот: Историја на народите и народностите на Југославија — нов век.

Во текот на својата повеќе од 35 годишна работа на полето на воспитно-образовната и наставно-научната дејност, професорот д-р Александар Апостолов многу придонел за унапредувањето на нашето образование во сите негови степени. Во оваа смисла особено забележителна е активноста на професорот д-р Апостолов во процесот на поставувањето на основите на нашето основно образование, во организирањето на наставата во основните и средните училишта, како и во реформирањето на универзитетската настава. Не помалку значајна е и неговата активност пројавена во Народните универзитети.

Посебна грижа професорот д-р Александар Апостолов пројавил и на планот на оспособувањето на наставниот кадар за средното и високото образование. Тој предавал и на третиот степен-постдипломски студии при ННСГ за историја на Филозофскиот факултет во Скопје. Неговата грижа за изградување на научен подмладок од областа на историјата е исто така забележителна, а за тоа говори фактот што под негово непосредно раководство поголем број лица се здобиле со звањата магистар или доктор по историски науки.

Освен сестраната ангажираност во воспитно-образовниот процес, професорот д-р Апостолов активно се занимавал и со научно-истражувачката дејност како во нашата земја така и во странство. Така, на пример, професорот д-р Апостолов четири пати престојувал во Париз — Франција, истражувајќи во Дипломатскиот и Воен архив на оваа земја. Од овие архиви тој подбрал и микрофилмувал околу 4000 страници документи што се однесуваат за историјата на македонскиот народ. Професорот Апостолов на двапати престојувал и во Белгија, истражувајќи во тамошните архиви.

Големиот број документи што се однесуваат за историјата на македонскиот народ ги микрофилмувал и ги донел во Архивотм на Македонија во Скопје. Проф. д-р Александар Апостолов подбрал и класифицирал во 8 томови архивски документи кои говорат за колонизацијата на Македонија во стара Југославија. Денес комплети од оваа изворна архивска граѓа за овој проблем се наоѓаат во Македонската академија на науките и уметностите (МАНУ), во Архивот на Македонија, како и во библиотеката за историја при Филозофскиот факултет во Скопје.

Резултатите од овие научни истражувања професорот д-р Апостолов ги изложил на повеќе научни симпозиуми во земјата и во странство. Така, на пример, во 1970 година професорот д-р Александар Апостолов зел учество на меѓународниот конгрес на економските историчари во Ленинград, поднесувајќи реферат. Со реферат проф. д-р Апостолов настапил и на меѓународниот конгрес на историчарите што се одржа во 1974 година во Копенхаген — Данска. Оддавајќи му заслужено признание за неговата работа на полето на историската наука, југословенското друштво на историчарите во 1975 година го избра за член на Југословенската делегација која учествуваше на меѓународниот конгрес на историчарите во Сан Франциско — САД. На овој конгрес професорот д-р Апостолов, како еден од двајцата претставници од нашата Република, беше избран за претседател на една седница од третата секција во која се третирани проблеми од современата историја.

Посебно за одбележување е дејноста на професорот д-р Александар Апостолов во подготвувањето на учебниците по историја и воопшто во подигањето на квалитетот на наставата по предметот историја. Тој е автор на повеќе учебници по историја за III-те и IV-те класови во гимназиите, автор на историски читанки за соодветните класови во спомнатите средни училишта со чие објавување несомнено придонесе предметот историја да се постави на повисоко ниво. Ова дотолку повеќе што овие учебници се први на македонски јазик и од македонски автори. Тука треба да се истакне неговото учество на првото советување за учебниците по историја што беше одржано во 1965 година во источен Берлин.

Професорот д-р Александар Апостолов повеќе од 25 години се занимава со научно-истражувачка дејност. Резултатите од оваа негова работа се презентирани во поголем број стручни и научни списанија ширум нашата земја. Досега професорот д-р Апостолов има објавено околу 60 прилози и научни трудови, од кои во нашата историска наука посебно место заземаат неговите публикации: „Колонизацијата на Македонија во стара Југославија“, објавена во 1966 и „Злетовската област”, објавена во 1974 година. За името на професорот д-р Александар Апостолов е сврзано расветлувањето на бројните проблеми од историјата на македонскиот народ меѓу двете свет-

ски војни. Тој е и еден од многубројните соработници на третата книга од тритомната историја на македонскиот народ, која го обработува токму овој период.

Покрај неговата сестрана ангажираност во воспитно-образовниот и наставно-научниот процес, мошне плодна е и дејноста на професорот д-р Александар Апостолов во повеќето општествено-политички организации и самоуправни тела како на Фелозофскиот факултет така и надвор од него. Така во времето од 1972 — 1974 година тој бил продекан на Филозофскиот факултет, одговорен за наставни прашања. Во периодот 1977 — 1979 г. проф. д-р Александар Апостолов бил шеф на ННСГ за Историја. Освен тоа тој бил претседател на Синдикалната организација, член на Секретаријатот на основната организација на СКМ при Факултетот, член на Универзитетскиот комитет на СКМ и слично. Покрај тоа, Апостолов бил член на Советот на Филозофскиот факултет, на истото тело при Драмскиот театар во Скопје, на Историскиот музеј на Македонија, претседател на Универзитетската Комисија за станбени прашања, претседател на Советот на Центарот за физичка култура на Универзитетот, член на Советот на Заводот за унапредување на школството на СР Македонија, како и член на повеќе самоуправни органи и тела на разни културно-просветни установи ширум Републиката. Професорот д-р Апостолов членувал и во повеќе научни тела во земјата, како и во одделни редакции и комисии.

Во оваа смисла треба да се истакне дека тој бил член на Меѓуакадемскиот одбор за историја на колонизацијата на југословенските земји во Загреб, Секретар на Центарот за историја на колонизацијата на југословенските земји при МАНУ, член на Интеркатедарската комисија за историја на СФРЈ, на Републичката комисија за културни врски со странство и уште во многу други тела во Републиката и земјата воопшто.

Професорот д-р Александар Апостолов бил и претседател на Сојузот на друштвата на историчарите на СР Македонија, а на двапати и Главен и одговорен уредник на списанието ИСТОРИЈА — орган на Сојузот на друштвата на историчарите на нашата Република.

За својата повеќегодишна плодна работа и придонес во воспитно-образовниот и наставно-научниот процес, професорот д-р Александар Апостолов е одликуван со Орден на трудот со сребрен венец од Претседателот на Републиката. Тој има добиено и поголем број плакети, признанија и благодарници како што се: Плакета од Филозофскиот факултет „за посебен придонес во работата на факултетот“, Плакета од Филозофско-Филолошкиот факултет по повод 30 години од постоењето на овие високо-образовни установи, Признание од Сојузот на друштвата на историчарите на СР Македонија, Признание од Заедницата

за образование на општина Струмица“ за самопрегорна работа во просветната дејност во периодот од 1945 — 1950 година и придонесот во развојот на социјалистичкото образование и воспитување, како и Признание од одделението за учебници при работната организација „Просветно Дело“ од Скопје „за несебичен придонес — топла благодарност“.

На крајот на овој наш прилог посветен на професорот д-р Александар Апостолов ќе кажеме и тоа дека неговиот животен пат и дејност го одразуваат времето во кое тој живеел, живее и твори. Определувајќи се на страната на современите општествени текови, овој педагог, општественик научник — историчар човечки се оддолжува на својата средина.